II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1907/1
29.08.2018 година
К о ч а н и

Претседател на Совет
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање на објавувањето на Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2018-2019 година, Бр.09-1901/1од 29.08.2018 година

I

Се запира објавувањето на Заклучокот за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2018-2019 година, Бр.09-1901/1од 29.08.2018 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на ден 29.08.2018 година.

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

О б р а з л о ж е н и е

Советот на Општината Кочани на ден 29.08.2018 година одржа редовна седница на која донесе Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2018-2019 година, Бр.09-1901/1од 29.08.2018 година.

По извршената проверка на Заклучокот, поточно на Преглед бр. VIII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, за учебната 2018-2019 година, се утврди дека освен во колона ученици I година, во сите останати колони за ученици и паралелки збирот на ученици и паралелки е погрешен.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 08- 1961/1
04.09.2018 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Николчо Илијев

---

Врз основа на член 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица, донесен од Советот на Општина Кочани под број 09-1919/1 од 29.08.2018 година, Секторот за правни, јавни дејности и општи работи изготви Пречистен текст на Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за

болничко лекување за одредени категории на осигурени лица.

Пречистениот текст на Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица опфаќа: Правилник за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица бр.09-1106/1 од 03.05.2018 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.5/2018“) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица бр.09-1919/1 од 29.08.2018 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.10/2018“).

## ПРАВИЛНИК
## за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување на жители на општина Кочани, кои се осигурени лица чиј месечен нето приход во семејството е помал од 60% од просечната нето плата во Републиката во претходната година и за осигурени лица деца од 1 до 5 години возраст, категории на осигурени лица кои во текот на една календарска година треба да платат учество за болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, за да бидат ослободени од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Член 2

Право на финансиска помош за болничко лекување имаат лица жители на Општина Кочани кои се корисници на болничко лекување (лица кои биле или се примени на болничко лекување) во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност со седиште во Кочани, а кои се:

- осигурени лица чиј месечен нето приход во семејството е помал од 60% од просечната нето плата во Републиката во претходната година, а кои во текот на една календарска година треба да платат учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, за да се ослободат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство,

- осигурени лица деца од 1 до 5 години возраст, кои во текот на една календарска година треба да платат учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна нето плата остварена во Републиката во претходната година, за да се ослободат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Член 3

Барањето за остварување на правото

од членот 2 на овој Правилник се поднесува во архивата на Општина Кочани и треба да ги содржи следните прилози:

1. Копија од лична карта на барателот;

2. Потврда за платена партиципација издадена од Фондот за здравствено осигурување на Македонија , Подрачна служба Кочани (во фотокопија), од која може да се утврди износот кој барателот-осигуреникот треба да го плати за да биде ослободен од плаќање на учество при натамошно користење на здравствени услуги за болничко лекување (документот да е издаден во тековната година);

3. Изјава за давање согласност за користење на лични податоци (во оригинал).

4. Испечатен DRG Резултат – издаден од Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, кој документ содржи податоци за лекуваното лице и износ на пресметаната партиципација по референтна цена.

Документите кои се приложени кон барањето се доказ во постапката и не се враќаат на барателот.

Барањето кое е поднесено без потребната документација нема да биде предмет на понатамошно разгледување.

Поднесеното барање со приложената документација се разгледува во Одделението за јавни дејности при Општина Кочани. За секое разгледано барање и неговата основаност или неоснованост се изготвува записник до Градоначалникот.

Подносителот на барањето е должен да дава точни податоци и е одговорен за давањето на невистинити податоци пред надлежните органи.

Доколку се констатира дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци, истиот го губи правото да ја оствари оваа помош согласно овој правилник во тековната година.

За осигурените лица деца од 1 до 5 години возраст подносител на барањето е еден од родителите/старателите при што ја приложува потребната документација за исполнување на условите од овој правилник.

### Член 4

Врз основа на поднесеното барање и приложените докази, доколку барателот ги исполнил условите утврдени со овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кочани ќе донесе Решение со кое ќе одобри финансиска исплата во висина на износот кој треба да го плати барателот- осигураното лице спрема Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, кој износ според приложениот DRG Резултат не е повисок од износот утврден во потврдата за платена партиципација издадена од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Подрачна служба Кочани, а кој износ е пресметан согласно чл.8 ст.2 и 3 од Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/11, 20/12, 26/12, 54/12, 98/13, 138/14 и 156/14) и тоа за:

- осигурено лице чиј месечен нето приход во семејството е помал од 60% од просечната нето плата во Републиката во претходната година (пример 22.928,00 денари х 60%=13.757,00 денари), кое во текот на една календарска година треба да плати учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година (пример 22.928,00 денари х 20%=4.586,00 денари), за да се ослободи од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство или за

- осигурено лице дете од 1 до 5 години возраст, кое во текот на една календарска година треба да плати учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од

просечната месечна нето плата остварена во Републиката во претходната година, за да се ослободи од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Решението за одобрување на финансиската помош за учество во болничко лекување донесено од Градоначалникот на Општина Кочани службено се доставува до Секторот за финански прашања при Општина Кочани за постапување и извршување на истото.

Износот на одобрената финансиска помош за болничко лекување утврден согласно одредбите на овој член се плаќа на сметката на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, во име и за сметка на барателот-осигуреното лице на кое му е одобрена овој вид на помош, согласно доставена фактура од Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани.

Средствата во рамките на кои Градоначалникот на Општина Кочани може да одобрува финансиска помош за болничко лекување за потребите на лицата кои ги исполнуваат условите согласно овој правилник се обезбедуваат во Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година, во согласност со Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани.

Член 5

За реализација на целите на овој Правилник и во случај на потреба од потврдување по писмен пат на соработката помеѓу Општина Кочани и Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да склучи договор за соработка со Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, а доколку се оцени дека е потребно и со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Подрачна служба Кочани.

Член 6

Против Решението на Градоначалникот незадоволната странка може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Поднесените жалби ги разгледува комисија формирана од Градоначалникот во состав од најмалку 3 члена со нивни заменици со мандат од 4 години.

Комисијата од ставот 2 на овој член има задача да ги разгледа поднесените жалби и во рок од 5 дена до Градоначалникот да достави извештај од својата работа со предлог за основаноста на поднесената жалба.

Врз основа на поднесениот извештај од комисијата Градоначалникот одлучува со Решение со кое ќе ја прифати или ќе ја одбие поднесената жалба.

Решението на Градоначалникот е конечно и се донесува во рок неподолг од рокот на изјавување на жалбата.

Член 7

Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 03-1954/1
04.09.2018 година
К о ч а н и